**Градоначалник**

**Република Северна Македонија**
**Општина Неготино**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА НЕГОТИНО
„ГРАДОНАЧАЛНИК"
Бр. 04 - 1050/14
17.06. 2025 год
НЕГОТИНО

Врз основа на член 52 став (1) од Законот за административни службеници („Сл.весник на РМ" бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Сл.весник на РСМ" број 275/2019, 14/2020, 215/21, 99/22 и 208/24), Секретарот на општина Неготино во постапка на унапредување на административен службеник преку интерен оглас, ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**За избор на административен службеник по пат на интерен оглас**

**1.** Интерниот оглас со бр.01/2025 објавен на ден 02.06.2025 година за унапредување на административен службеник во општинската администрација на општина Неготино со шифра на работно место: УПР 01 01 Б02 000 и назив на работно место – Раководител на Сектор за правни и општи работи и јавни дејности во Сектор за правни и општи работи и јавни дејности (1 извршител) , се избира административниот службеник **ЗОРАН ЛАЗОВ.**

**2**. По завршувањето на постапката за избор и конечноста на оваа одлука, ќе се донесе соодветно решение за распоредување на административниот службеник.

**3.** Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Агенцијата за администрација по барање на општина Неготино на својата интернет страница објави интерен оглас бр.01/2025 година на ден 02.06.2025 година за унапредување на административен службеник во општинската администрација на општина Неготино во Сектор за правни и општи работи и јавни дејности со назив на работно место – Раководител на Сектор за правни и општи работи и јавни дејности и шифра на работно место: УПР 01 01 Б02 000. По спроведената селекција од страна на Комисијата за селекција и унапредување на административен службеник на ден 13.06.2025 година и спроведеното интервју на ден 16.06.2025 година од страна на Секретарот на општина Неготино со единствениот кандидат, согласно Законот за административни службеници, Секретарот на општина Неготино изврши избор како во дипозитивот на оваа одлука.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО: Против оваа одлука кандидатот има право да поднесе жалба до Агенцијата за администрација Скопје во рок од 8(осум) дена од објавување на одлуката на ВЕБ страницата на институцијата.**

**Секретар,**
**Марија Нацева**

Изработил: Елизабета Камчева